# Економско интересно здружување во Македонија - Чекор поблиску до европското економско интересно здружување и деловна соработка во Европа

*пишува: Ханс-Јуерген ЗАХОРКА*[1]

Собранието наскоро ќе расправа и гласа за новиот Закон за трговски друштва компатибилни со Европската унија[2]; новиот закон, како целина, е модерен и соодветен на потребите на трговските друштва во иднина.

Тогаш кога Законот за трговски друштва на Европската унија ќе почне да важи и за Македонија, истиот ќе ги опфати и EEIG (Европското економско интересно здружување) (EEIG - European Economic Interest Grouping) и ЕУ регулативата бр. 2137/85. Уште од 1.07.1989 година, веќе 15 години по ред, EEIG беше единствено директно влијание на ЕУ, бидејќи регулативата не им остава простор на земјите членки за толкување (а во спротивност со директива на Европската унија, која прво мора да биде транспонирана од страна на земјата членка во нејзиното законодавство).

Потоа, оваа законска форма т.е. рамка само природно ќе се надоврзе кон постоечкото економско интересно здружување во Македонија. Европската деловна пракса и искуство покажуваат дека, кога постојат и двата вида на здружување - на национално и на ЕУ ниво - постои одлично чувство и разбирање за соработка помеѓу, пред сé, малите и средни претпријатија. Што значи, Македонија со својата законска рамка ќе биде одлично подготвена за ова.[3]

## Правни критериуми за европското економско интересно здружување

[1] Сениор правнеи советник на проектот финансиран од Европската унија и спроведен од Европската агенција за реконструкција "Техничка помош за изготвување трговски закони". Адвокат за ЕУ правни прашања, раководител на Европскиот информативен центар за EEIG во Штутгарт, Германија, работи на прашања во врска со европската и меѓународната економија, поранешен член на Европскиот парламент. Сите прашања, сугестии, коментари, дополнувања (на германски, англиски, француски, италијански) се добредојдени на : zahorka@libertas-institut.com.

[2] Законот за Трговски друштва беше усвоен на 30.04.2004 година додека оваа книга беше во процес на печатење. Делот во нацрт законот за трговски друштва кој го регулира EIG е разговаран со авторот во средината на јануари 2004 година на драфт сесијата во Охрид кога се работеше на Законот за трговски друштва (заедничка иницијатива на проектот "Трговски закони" и проектот на USAID "Корпоративно управување и Закон за трговски друштва" во Македонија)

[3] Публикации од просторите на поранешна Југославија: на словенечки од Јања Бедрац "Evropsko gospodarsko interesno zdruzenje (EGIZ)", од босанскиот автор Зинка Грбо: "Evropska Ekonosmka Interesna Grupacija i njen odnos sa Statusnim Formama u Pravnom Sistemu Bosne i Herzegovine". И двете се бесплатни и достапни на интернет страницата на Европскиот EEIG информативен центар (www.libertas-institut.com).

Европското економско интересно групирање (EEIG) е создаденоземајќи го како пример францускиот модел за трговски друштва наречена G.i.e. (groupement d´intérêt économique). Одличен пример за G.i.e. во Франција се, или беа, производителите на авиони Ербас (Airbus Industries) во Тулуз, вселенската компанија Ариана (Arianéspace) и организацијата за кредитни картички „Carte bleue“. Во Франција постојат околу 15.000 G.i.e., што ќе рече дека оваа форма на трговски друштва т.е. здружувања е вообичена во Франција.

Долго пред воспоставувањето на единствениот европски пазар, и Европската комисија во Брисел и Европскиот парламент ја сфатија потребата од постоење на посебен правен инструмент со кој ќе се помогне транснационалната професионалната соработка меѓу економските субјекти, особено меѓу малите и средни претпријатија. Првите предлози во врска со ова прашање дојдоа од Европскиот парламент во почетокот на седумдесеттите години но поширок договор на ниво на Европската унија се постигна во средината на осумдесетттите.

Правна основа за европското економско интересно здружување претставува Европската регулатива бр. 2137/85, објавена во Службен весник на Европските заедници L 199, 31 јули 1985 година. Понатамошната имплементација на одредени членови од неа беше препуштена на земјите членки: секоја земја членка донесе закон за имплементација кој регулираше одредени прашања во врска со здружувањето (регистрирање, ликвидација, итн.).

Тешко е да се одреди точната бројка на европски економски интересни здружувања која постои во Европската унија. И покрај задолжителната регистрација во националниот регистер на компании, многу често им се потребни повеќе месеци пред да бидат регистрирани, дури и ако претходно работеле веќе подолго време. Дури постојат и групирања кои воопшто не се регистрирани, поради високите даноци и давачки предвидени кај одредени национални законодавства (како што е случај со Италија, на пример).

Здружувањата мора да се формираат врз основа на правилата предвидени во европското законодавство. Здружувањето се смета како мошне флексибилен правен инструмент, способен да се прилагоди на разни економски услови: со оваа регулатива се гарантира значителна слобода за своите членови во нивната интерна организираност, како и во нивните договорни односи.

***Членови***

Здружувањето мора да биде создадени од најмалку два члена кои доаѓаат од две различни европски држави: две трговски друштва или правни субјекти кои (може и делумно да) функционираат во различни земји членки, или две физички лица кои вршат активности во различни земји членки. Никакви други ограничувања во врска со бројот на членови не се предвидени. Овие трговски друштва може да

се, на пример, од Кина, а пак вториот член да биде македонски државјанин - главниот услов е само тој нивната активност да се одвива во рамките на Европската унија. Не е важно од која држава доаѓаат, ниту пак е важен видот на членовите т.е. дали се две претпријатија или двајца поединци (freelancers), или едно претпријатие и еден поединец, итн.

Членки на здружувањето може да бидат затворени фирми, акционерски друштва, поединци, самовработени лица, здруженија, јавни тела и институции (на пример универзитети, стопански комори, аеродроми, градови, региони...) и други правни субјекти.

Во едно здружување може да имаме повеќе членови од разни провиниенции: на пример здружување може да формираат поединец од Данска, акционерско друштво од Италија, здружение регистрирано во Германија и друштво со ограничена одговорност од Франција. Значи, можностите за мешан состав овозможуваат многу можни и корисни варијанти, и истите може позитивно да влијаат на активностите на тоа здружување.

***Основање***

Согласно европската регулатива, се предвидува писмен договор. Во тој договор, како минимум, мора да се содржи следното: името на тоа здружување на кои претходат или следат иницијалите EEIG или пак зборовите "европско економско интересно здружување", официјалната адреса на здружувањето, целта на здружувањето, информации за секој од членовите (име, име на фирмата, правен статус, постојана адреса, број и место на регистрација, доколку ги има), времетраењето на тоа здружување, освен во случаи кога се основа на неограничен период.

Здружувањето, во повеќето земји на Европската унија, е задолжително да биде регистрирано на нотар. Имињата на членовите, деловното име на здружувањето, официјалната адреса, договорот за основање, имињата на менаџментот (што ја вклучува и одлуката на членовите) треба да бидат наведени во комерцијалниот регистар.

***Цел***

Целта поради која се формира тоа здружување претставува важен елемент на договорот за основање. Целта мора да биде наведена во регистарот како гарант за постоење јавност. Здружувањето се прави за да се олесни или да се создаде соработка помеѓу членовите: неговите активности претставуваат дополнување на редовните активности на членовите, и истите (активности) не може да ги заменат. Според членот 3 од европската регулатива, целта на здружувањето е "подобрување и зголемување на разултатите" на активностите кои се спроведуваат од членовите. Покрај тоа, здружувањето може да остварува профит за себеси и сиот профит кој

е резултат на активностите се оданочува само во рацете на членовите. Овој елемент е една од најважните предности која се овозможува со основање на здружувањето.

### *Што не смее да прави едно EEIG*

Согласно со својата цел, здружувањето не смее:

- да биде член на друго европско економско интересно здружување;
- да вработување повеќе од 500 лица (оваа граница беше воведена по барање на германската влада, за да се избегне примената на Законот за претставници од вработените, кој предвидува заедничко управување или кодетерминација);
- директно или индиректно да поседува акции во претпријатие кое е член (ова се нарекува забрана за посед; предвидени се и исклучоци);
- да управува со активностите на своите членови по пат на сила, или истите да ги констролира по пат на сила;
- да дава заеми (забрана за давање заеми; предвидени се и некои исклучоци).

Сите овие ограничувања не претставуваат никаков проблем во вообичаеното деловно работење.

### *Правен статус*

Здружувањето има правен статус. Признавањето на правниот статус го олеснува остварувањето на целите на тоа здружување (поточно, развојот на активностите на сите негови членови). Во некои законодавства во рамките на ЕУ, како на пример во Австрија, Германија или Италија, на EEIG не им е доделен статус на правно лице т.е. правен статус. Но во пракса, ова се покажа повеќе како академско прашање; со други зборови, здружувањето кое, согласно Регулативата на ЕУ 2137/85 е во контрадикторност со било кој важечки национален закон, има капацитет, од сопствено име, да има обврски и права од било кој вид т.е. може да склучи договор или да оствари било какво правно дејство, може да тужи или да биде тужено. Како и да е, неговите членови и понатаму остануваат автономни и продолжуваат да си ја вршат досегашната работа.

### *Финансиски прашања*

Некои EEIG може да биде основано со или без финансиски или материјални придонеси, како и без инвестирање во умеење (know-how). Членовите на здружувањето самите решаваат дали сакаат или не да придонесат кон здружувањето. Така што, од овој аспект, здружувањето претставува многу посоодветен и покомотен правен инструмент отколку приватна фирма т.е. компанија. Во европската деловна пракса, 95% од сите EEIG се основаат без почетен капитал.

Оваа правна форма не налага никакви финансиски обврски, што не е случај со (приватна) фирма или компанија.

### *Одговорност*

Членовите на здружувањето ќе имаат неограничена заедничка или делумна одговорност за сите задолжувања, во вид на одговорност согласно членот 24 (subsidiary liability): најпрвин одговорно е EEIG како целина а ако тоа не можно, тогаш одговорни се членовите. Членот 24 со ова не претставува пречка за членовите затоа што EEIG вообичаено врши дополнителни активности додека главното деловно работење е препуштено на и контролирано од членовите. Воведувањето на неограничена заедничка одговорност е последица на основните разлики кои постојат помеѓу националните закони за трговски друштва во Европа. На пример, приватно друштво со ограничена одговорност одговара со најмалку 25.000 евра, исто такво приватно друштво во Велика Британија не одговара со ништо.

Секогаш кога здружувањето претставува правен инструмент кој може да се користи во било која европска држава, истиот мора да биде сигурен. Неограничената заедничка одговорност е во паралела со одговорноста за било кои производи низ целата Европска унија, регулирано со директиви на ЕУ и со национални закони. Се базира на слични потреби, кои се однесуваат на одговорноста за одредени производи (независно од признавањето на грешката) на производителите.

Европското законодавство овозможува значителна слобода за членовите на здружувањето. Тие исто така може меѓусебно да се договорат секој од нив да одговара со различен износ, а постојат и голем број можности преку договори да се минимизира одговорност. Во основа, уште од 1989 година досега, нема ниту еден случај на потреба од одговорност. Оваа година, всушност, е прв пат кога се дозволува формирање на EEIG во Европската унија. Одговорноста која ја имаат EEIG е интересна и за банките, кои би финансирале или пред-финансирале одредени активности.

### *Раководители може да бидат и правни лица*

Извршно тело на некои здружување кои има официјално седиште во Германија, може да биде физичко лице; на извршните поединци кои доаѓаат од земји кои не се членки на ЕУ им се дозволува да работат заедно со извршното лице од ЕУ (но да не биде повеќе од едно вакво извршно ЕУ лице).

Вообичаено е еден од основачите да биде извршно тело: тие вообичаено поседуваат иницијатива, комуникациони способности и "европски пристап" во работењето - сите неопходни услови успешно да раководат со ваква активност.

Во повеќето земји на Европската унија (но не и во Германија, на пример), на правните субјекти, како што се друштвата со ограничена одговорност или акционерски друштва, им се дозволува да бидат назначени како извршен орган. Во овој случај мора да биде назначено и физичко лице, како претставник.

Приватно друштво со ограничена одговорност од Германија или швајцарско или македонско акционерско друштво може да управува со здружување кое е официјално регистрирано (официјално има седиште) во Луксембург.

***Оданочување***

Здружувањето не плаќа даноци за претпријатие, како на пример данокот за трговски друштва или, примерот со Германија, даноци на добивка. Така што, здружување кое има седиште во Германија може да донесе повеќе предности:

- не постојат обврски за давачки;
- не се бара постојано салдо;
- не се плаќаат даноци кои вообичаено се плаќаат за фирми;
- оперативните трошоци во Германија може во голем обем да бидат намалени, во споредба со другите европски земји;
- сметководството е многу полесно за водење (се водат само две колони, загуба и добивка)

Целта на здружувањето не е стекнување профит за себе: согласно членот 40, профитот и загубата кои се резултат од работата на здружувањето, ќе бидат предмет на данок само кај членовите.

Профитот се реинвестира (или се чува како резерва), или се дели помеѓу членовите (согласно договорите помеѓу нив). Сиот профит кој се плаќа на даноците ќе подлежи на данок согласно националното законодавство, и тоа за секој член посебно.

Финансирањето на здружувањето зависи од одлука на членовите, ако тоа претходно не било дефинирано во договорот за основање. Распределбата на профитот и загубите, оперативните трошоци на здружувањето, авансите и последователните плаќања мора однапред да бидат дефинирани во договорот за основање или, уште подобро, со одлука на членовите (затоа што одлуките полесно се менуваат отколку договорите кои треба да се доставуваат до трговскиот регистар.

Здружувањето може да поседува недвижен имот кој подлежи на оданочување во рацете на здружувањето. Доколку здружувањето има сопствен обрт, тоа ќе мора плати ДДВ, дури и тогаш кога нема намера да создава профит за себе. Ако нема обрт, трошоците може да бидат изземени од плаќање ДДВ-то, тогаш кога е применливо. Има примери на EEIG кои живеат од враќањето на ДДВ. Уште

повеќе, ако има вработени, тогаш на нивните плати мора да се плаќаат сите потребни давачки.

### *Комерцијален регистер и објавување во ЕУ*

Откако ќе бидат запишани во националниот трговски регистер во секоја земја земја членка на ЕУ, онаму каде што се наоѓа седиштето на тоа здружување, здружувањата основани во секоја земја на Европската унија се објавуваат во Службениот весник на Европските заедници, кој е достапен и на интернет: http://ted.publications.eu.int. Во истото се објавуваат и референци до други соодветни национални службени весници со цел доаѓање до подетални информации, гарантирање на транспарентноста и поголем публицитет.

### **Можни проблеми кои би се појавиле**

EEIG претставува нов изум и најголем дел од законите кои го регулираат стапија на сила од 1992 година наваму. Ова е една од причините зошто во моментов речиси и не постои соодветна правна наука која би го опфатила овој нов инструмент. Следат најчестите проблеми кои би можеле да се појават.

- внатрешната комуникација и нејзиното чинење; јазичните проблеми;
- сомнежи во сметководството и во оданочувањето;
- распределба на профитот и загубата онаму каде членовите однапред не постигнале договор по ова прашање;

И претприемачите кои го основале здружувањето, и Европската комисија, чиј Генерален директорат за политика кон претпријатија врши постојан мониторинг на полето на EEIG, се задоволни од остварените резултати. Емпириското истражување спроведено на Универзитетот во Улм, Германија, дојде до позитивни резултати: окол 70% од интервјуираните се изјасниле дека ги оствариле целите кои ги очекувале, а само 9% се изјасниле дека не се задоволни. Ова дефинитивно се смета како одличен резултат.

**Примери на EEIG и искуство со EEIG**

До почетокот на мај 2004 година во земјите членки на Европската унија се основани околу 1.700 здружувања (тука не се опфатени оние кои биле основани, но во меѓувреме престанале да посојат), и голем број од нив вреди да се напоменат за да се даде потврда на значителната флексибилност која ја нуди овој нов правен инструмент, како и слободата која се гарантира на членовите во врска со позитивните транснационални и на европско ниво аспекти на соработка. Оваа бројка на EEIG-а опфаќа околу 15.000 професии, фирми и други (јавни) институции во земјите членки.

Здружувањето се право за да се отворат заеднички трговски канцеларии во земји кои се надвор од Европската унија (Јапонија, САД, Канада, земјите од источна Европа и сл.); за размена на персонал и специјалистички курсеви, за спроведување на истражувања и за развој на активностите на своите членови. Консултантите, правници и даночните експерти го користат EEIG за да остварат соработка во многу сектори: специјалистички курсеви, размена на персонал, истражувања, изготвување на специјализирана литература и други видови на соработка. Експертите за реклами и маркетинг од речиси секоја европска држава основаа здружување наречено Европско здружение на правници кои работат со реклами (European Advertising Lawyers Association (EALA EWIV)), кое има официјално седиште во Минхен.

Ова Здружение, меѓу другото, објавува литература и го развива системот наречен ІФирст Адвице Cscтемв кој врши правна евалуација на рекламните кампањи ширум Европа.

Здружувањата може да бидат основани од претпримеачи (да го земеме како пример снабдувањето со канцелариски материјали) за вршење на заеднички активности, дистрибутерите имаат корист од здружувањата при организирање на транспортот, производителите на хартија може да вршат истражувања за да го подобрат квалитет на своите производи, итн. Француско-германскиот ТВ канал за култура "АРТЕ" исто така претставува здружување. Белгиските и француските производители на пиво (Trappis monks) заедно основаа здружување со цел рекламирање на своите производи. Белгиските и француските стопански комори, филмации и производителите на семенски материјали и машини за сеење од Германија, Португалија и Грција, заедно со еден истражувачки цењнтар, основаа EEIG за спроведување на заеднички активности.

Универзитетот за јавна администрација во Кел, Германија, соработува со Универзитетот во Стразбур, Франција во рамки на единствен EEIG. Активностите кои тој ги врши се обука на јавни службеници од двете страни на реката Рајна. Здружување исто така е основано и за вршење на јавен превоз кој функционира во Франција и во Германија. Техничката инспекција од Рајнланд, заедно со Францускoто биро Вéритас основаа здружување под име VERITÜV кое изготвува студии за влијанието врз животната средина и кое работи на менаџментот на квалитет. Нассауисцхе Спаркассе Њиесбаден, заедно со уште некои финансиски институции од неколку европски држави, во почетокот на деведесеттите ја основаа Европската група на финансиски институции EEIG неопходна за транснационалните проекти и за хипотеките на физички лица. Одлгедувачите на коњи од Белгија и Ирска исто така основаа здружување, а белгиските и британските експерти за остеопатија основаа Европска федерација на класични остеопати EEIG. Накусо да напомене уште неколку примери - системот за полнење на кредитните картички за камиони "ТЕРАР" основан од 5 нафтени компании во јужна Европа, соработката на регионалните аеродроми во Белгија, Франција и Шпанија, здружување основано од 7 нуклеани електрични централи со цел подобрување на безбедносните стандарди и искуства на нуклеарните централи во земјите на источна Европа.

### *Членови од земји кои не се во Европската унија*[4]

Вообичаено, членови на здружувањето се правни субјекти со седишта во земји на Европската унија, или пак физички лица кои работат во Европската унија. Сепак, и приватните претприемачи и правните субјекти во рамките на своите активности инволвираат субјекти кои доаѓаат од земји кои се вон ЕУ - Швајцарија, Русија, САД, Канада или Македонија, и сакат истите да ги вклучат во EEIG.

Правни субјекти и физички лица кои официјално имаат седиште во државите на ЕФТА на Европската економска област, или вршат најголем дел од своето работење во овие држави (Норвешка, Исланд или Лихтенштајн, може да бидат членови на здружувањето. Овие држави имаат донесено правни рамки кои дозволуваат основање на здружување кај нив. Фирмите и физичките лица од овие држави искажаа интересирање за здружувањето; главната причина за ова се штурите информации кои се достапни во јавноста. До мај 2004 година имаше само еден случај на постење на EEIG на овие земји, со седиште во Лихтенштајн.

Можно е постоење на некои проблеми особено во врска со земји со кои често се тргува и работи, или истите се вклучени во било каква активност со фирми од ЕУ. Да ја земеме Македонија како пример: во ЕУ има голем број на фирми кои имаат одлични бизнис врски со Македонија (на пример иселеништвото). На македонските деловни субјекти со седиште во Македонија сеуште не им е дозволено да основаат здружување во рамките на заедничкиот европски пазар. Ова

[4] Учеството на фирми од трети земји во EEIG беше дискутирано во: Hans-Juergen Zahorka, Die Teilnahme von Drittlandsunternehmen an einer EWIV, EuZW 1994, 201 et al., и Die EWIV und ihre Mitglieder aus Drittlaendern, EWIV/EEIG/Geie eJOURNAL 1/01, 13 et al.

е причината зошто тие бараат други правни инструменти за развој и одржување на било каков вид деловна соработка со Европа.

Решението за здружување преку EEIG со партнери кои доаѓаат од земји кои не се членки на ЕУ, останува интересен правен инструмент кој ги заобиколува ограничувањата предвидени со Европското законодавство. Во овој случај, членот од Македонија може за себе да каже дека е придружен член на EEIG. Иако основањето на здружување со членови од земји кои не се во ЕУ може да го оддолжи процесот на регистрирање, членовите би требало да го основаат со одлука усвоена од сите, отколку со договор за основање. Искуството покажува дека придружните членови не се третираат како членови од втор ред, активно учествуваат во деловните активности, управувањето и одлучувањето. Важно е да се напомене дека во случајов прашањето за одговорност мора јасно да биде регулирано помеѓу сите партнери.

Конечно, член на EEIG кој не потекнува од ЕУ може да биде назначен како извшно тело, бидејќи не постои ниту една регулатива или пропис со кој тоа се забранува. Постојат бројни примери на EEIG-а чии менаџери доаѓаат од трети земји.

Здружувањето може да случи и во земји кои не се членки на ЕУ. Во тој случај подлежи на националното законодавство на таа земја.

Претприемачи т.е. фирми од трети земји секако дека можат да основаат претпријатие во Европската унија за да ги исполнат условите кои ги предвидува европското законодавство за европско економско интересно здружување. Македонска фирма со ограничена одговороност би можела да размисли за отворање нејзина канцеларија во ЕУ, со што истата ќе биде регистрирана во трговскиот регистар на ЕУ како фирма од Македонија.

**Позитивни аспекти во корист на EEIG**

Да заклучиме, еве некои од најважните предности кои ги нуди здружувањето:

1. тоа претставува правна рамка која има за цел развој и поедноставување на соработката помеѓу претпријатијата, и може да претставува нешто од кое корист (профит) ќе имаат сите членови;

2. тоа претставува многу флексибилен, едноставен и небирократски правен инструмент каде, освен неколку основни предуслови поставени со европското законодавство, членовите сами решаваат што и како.

3. здружувањето може да се финансира со или без парични придонеси, инвестиции или трансфер на знаење.

4. здружувањето може да го основаат субјекти со различен правен статус: самовработени лица, приватни фирми со ограничена одговорност, стопански комори итн.;

5. членовите на здружување и понатаму продолжуваат самостојно да си ги вршат своите активности. Значи, старото работење им останува и понатаму, а со здружувањето им се отвораат нови деловни можности и перспективи;

6. здружувањето гарантира висок степен на одговорност т.е. членовите имаат неограничена и одредена одговорност за долговите кои ги прават;

7. профитот кој резултира од активностите се оданочува само во рацете на членовите; истиот мора да биде поделен помеѓу членови а ако не, тогаш да биде реинвестиран или ставен во резерва;

8. здружувањето не плаќа даноци кои вообичаено ги плаќаат фирмите ниту пак данок на профит.

9. здружувањето може да работи сопствен бизнис, да има свој заштитен знак и име, да потпишува договори итн.;

10. седиштето т.е. официјалната адреса на здружувањето може лесно да се пренесува во рамките на Европската унија. Од останатите фирми, кои подлежат на националното законодавство, се бара најпрво да ја затворат старата фирма, што ќе рече трошоци и губење на деловниот имиџ;

11. Претприемачите не ја чувствуваат како дискриминирачка Европската регулатива бр.21/37, која инаку ја дава правната основа за EEIG и која се изготвува на секој официјален јазик на Европската унија, поради тоа што е преведена на јазикот на земјата од каде доаѓаат тие (како што би било случај, на пример, за партнер од Италија во една германска приватна форма со ограничена одговорност);

12. од членовите на здружувањето не се бараа да покажат дека знаат да работат на единствениот европски пазар; основањето на здружувањето би било од голема корист и од аспект на конзорциумите - повеќе партнери заедно аплицираат за проекти на Европската унија со што шансите за добивање на проектот се многукратно поголеми.

13. нивните членови го подобруваат познавањето на единствениот европски пазар; претприемачите редовно се состануваат и го олеснуваат процесот на глобализација.

Трошоците за договорот за основање (нотар и запишување во трговскиот регистер) вообичаено се многу помали отколку

трошоците неопходни за основање на приватна фирма со ограничена одговорност (зборуваме во рамки на ЕУ).

**Зошто Македонија би имала предности со ваква законска рамка**

Членовите 565 до 580 од идниот Закон за трговски друштва треба да бидат усогласени, што е можно повеќе, со EEIG Регулативата бр.2137/85, поради следните причини:

- помалите земји е поверојатно дека ќе имаат поголем број на EEIG во споредба со поголеми земји, бидејќи побрзо се согледува потребата за соработка.
- помалите земји со огромно иселеништво во странство е поверојатно дека ќе работат во EEIG, бидејќи за нив ова наједноставен начин за градење партнерство помеѓу нив.
- во рамки на Европската унија EEIG се релативно слабо познати, но истите се мошне привлечни и неверојатно флексибилни, не бараат никаква актива и не подложат на данок на приход.
- Македонија, своето економско интересно здружување треба да го усвои во што можно поблиски рамки со она кое го регулура EEIG со цел полесна транзиција кон Европската унија.

**Економското интересно здружување во Македонија**

Нацрт Законот за трговски друштва (текст со датум од 9 јануари 2004 година), вочленовите 565-580[5] содржи одредби во врска со економското интересно здружување во Македонија. Овој Закон е под силно влијание на францускиот законодавство за истата област (*groupements d'intérêt économique)* но сепак секоја компаративна анализа има повеќе смисол да се прави со европските регулативи за EEIG, а не со францускиот национално законодавство во врска со G.i.e., бидејќи македонскиот бизнис се стреми кон Европската унија и има намера да се подготви себеси за единствениот пазар. Во овој контекст за поздравување е неодамнешната одлука на Македонија за пристапување кон Договорот за слободна трговија на централна Европа (CEFTA)[6].

***Учество во EEIG во странство***

Земено во целина, нацрт законот е мошне практичен и флексибилен. Членот 547 предвидува, и покрај извесни одредувања, македонското економско интересно здружување да постои само на одреден период. Како пример ќе наведеме дека вообичаено европското економско интересно здружување (EEIG) се основа на неодредено време, така што ова искуство било вклопено во македонскиот нацрт-текст на законот. Во членот 547, став 2, исто така се предлага физички или правни лица да може да бидат придружни членови на соодветно економски интересно основано во странство. Ова ќе ја отвори вратата за соработка помеѓу

[5] Крајното нумерирање може да биде различно
[6] види "Osteuropa-Ticker", 30.4.2004

економски интересни здружувања од Македонија и EEIG од Европската унија уште пред Македонија да стане членка на ЕУ.

***Распределба на профитот***

Во членот 549 (услови и начини на основање) се вели следното: "Економското интересно здружување нема да создава и распределува профит". Имајќи во предвид дека EEIG во рамките на ЕУ може да создава профит, а згора на тоа EEIG е претпријатие, профитот мора да биде исплатен на членовите (линеарно или асиметрично, согласно договорот за основање или согласно одлука донесена од членовите) или да биде ставен во резерва. EEIG во Европската унија не плаќа никакви даноци на приходите. Членот 549, став 1, вели дека целта на економското интересно здружување не е да создава профит за самото себе, и дека сиот профит создаден како резултат од работењето на EIG ќе се смета како профит начленови и истиот ќе биде распределен помеѓу нив согласно договорот за основање. Доколку, на пример, не постои таква одредба, тогаш профитот се распределува помеѓу сите членови подеднакво. Ова ја налага потребата од постење на став т.е. член во секој договорот за EIG, за распределба на профитот (и загубата) согласно одлука донесена од членовите. ЕУ има мошне добро искуство со асиметричната распределба на добивката, согласно степенот на учество во одреден проект.

Сепак, постои ризик да не се признава создавањето на резерви. Решение за ова е постоење на клаузула во договорот за основање во која ќе се вели дека резерви мора да се создаваат за да се осигура работењето и во следната година.

***Правен статус***

Членот 550 од нацрт законот ја поставува Македонија на вистински пат до законодавството на ЕУ. Во него се потенцира дека EIG го стекнува статусот на правно лице од денот на запишување во трговскиот регистер.

***Членови кои ја регулираат одговорноста***

Во членот (членовите) со кои се регулира одговорноста, македонското решение за EIG е подобро во однос на она на ЕУ. Тоа вели дека може да се склучи договор со трета страна (како контрактор) со цел понатамошна дистрибуција на одговорноста. Нацрт членот 551, став 2, е ист со регулативите на ЕУ - и двата се однесуваат на споредната одговорност на едно EIG т.е. EEIG, соодветно (се работи за одговорноста на EIG/EEIG како целина а потоа одговорноста на членовите).

***Содржина на договорот за основање***

Во членот со кој се регулира содржината на договорот за основање, забележлив е преголемиот степен на регулирање, и тоа во "начинот на одлучување и управување" за што разговараше работната група која го изготвуваше законот, бидејќи "начинот на управување" не може да биде фиксиран во договорот, бидејќи е премногу персонализиран, како и претходниот број 7 ("прием, оставка и исклучување од EIG"). Јасно беше дека новите членови треба да се примаат само едногласно, а кога зборуваме за тоа да се даде оставка или да се биде исклучен од EIG, во случаи на сомневање има судска одлука - така што тука дури и не може да се каже кои одредби ќе бидат важечки т.е. валидни. Исто така претходниот број 8 ("супервизија на работењето на EIG") како и супервизијата на било кое EIG е работа само на собранието на членовите, додека бројот 9 кој се однесува на "други прашања релевантни за економското интересно здружување" се чини дека е премногу детално, особено во однос на бројот 9 кој не беше многу детализиран.

Сегашниот нацрт текст е компромис кој не бара ништо друго што е дел на сегашната политика на фирмата, туку само регулирање на одредени нешта како начинот на одлучување, управните тела и нивните овластувања, деталните правила за здружување, одделување и исклучување од EIG, и контролата на работењето. Значи, македонското економско интересно здружување сосема малку застранува од минималистичкиот пристап на ЕУ, но има и добри причини да биде така бидејќи на минимумот на ЕУ во однос на договорите за основање јасно му недостасува правна сигурност (што не мора да важи за сите здружувања).

***Собрание (состанок) на членовите на EIG***

Во првите нацрт текстови членот 668 се осврнува на составот на Собранието, кој ќе се дефинира со Договорот за EIG. Годишните собранија (состаноци) не мора да бараат физичка присутност, отворена е можноста за одржување на виртуелни состаноци (чет на интернет, гласање преку емаил, или на писмено, по факс или телефонски). Со ова EIG полесно ќе работи со меѓународните партнери, што во случајот овој услов е исполнет. Со ова, македонскиот закон за EIG ги содржи најмодерните и најсовремени решенија со тоа што, на пример, го овозможува гласањето преку емаил итн.

Во првиот нацрт текст, членот 668, став 6 вели дека задолжителен состанок се свикува по барање на најмалку 20% од членовите на EIG. Во ЕУ регулативата за EEIG ова прашање не е регулирано, додека пак многу EEIG во договорите имаат ставено дека за свикување на состанок доволно е барање на само еден од членовите (или 2, или 10%...). Така што, барањето за "најмалку 20%" претставува мошне висок кворум неопходен за свикување состанок, што би било во спротивност со заштитата на малцинствата а која е всушност и целта на ова поглавје. Бројката од 10% од вкупниот број членови на EIG е мошне добар компромис.

Предлогот изготвен од ЕУ, да се додаде следното поглавје: "Одлуките на состаноците треба да се составен дел на записникот и истите понатаму да се доставуваат до сите членови од страна на раководството", ќе ги задоволи потребите за правна сигурност во рамките на компанијата, но тоа не е сторено, најверојатно поради тоа што водењето белешки т.е. записник е длабоко вкоренето во македонските претпријатија.

***Супервизија на работењето***

Вообичаено е некои EIG да биде супервизирано само од неговото Собранието, доколку не е потребен ревизор. Членовите исто така треба да спроведуваат супервизија и надвор од рамката на договорот за основање. Новиот нацрт член 558, став 2, е добредојдена новина, бидејќи со него им се овозможува на членовите право за пристап до информации кај раководните тела, можат да вршат увид во еловната евиденција и документи. Без ова прецизирање претходниот став 1, кој инаку останува непроменет, ќе беше "шуплив".

***Трансформација на друштво или на EIG***

Во првиот нацрт еден член предлага некое трговско друштво кое работи на операции кои одговараат на дефиницијата за EIG, да може да се трансформира во EIG без да мора претходно да се распушти или без да мора се основа нов правен субјект. Бидејќи членот на EIG (и на EEIG) самиот си е посебен активен член, тогаш EIG (или EEIG) може да ја опфати само синергијата. Во оваа насока, многу е тешко да се "трансформираат" друштвата во EIG. Бидејќи со овој член не се кажува ништо што не може да се "земе" од секојдневниот живот т.е. очигледно е дека EIG би можело да биде основано согласно овој закон, тимот кој го изготвуваше законот се согласи истиот да го избрише.

***Прекин на EIG поради статусот на членовите***

Имаше уште еден предлог а тоа е доколку член на EIG го загуби својот правен капацитет, банкротира или му се забранува работењето како трговско друштво, EIG да престане да постои, освен ако неговото понатамошно опстојување е регулирано со договорот за тоа EIG или ако тоа едногласно биде изгласано од другите членот (нацрт член 674 од декември 2003 година). И тука членовите на групата се согласија дека овој член премногу ќе ги "погоди оние кои не се ни криви ни должни", па така членот беше избришан.

**Иднина и перспективи**

Со создавање на дел во Законот за трговски друштва кој ќе го регулира економското интересно здружување, дел кој е модерен, компатибилен со ЕУ но пред сé компатибилен со EEIG, македонските правни експерти, заедно со своите колеги од ЕУ покажаа дека можат да размислуваат за малите и средни претпријатија и нивните можни соработки со други бизниси.

Економското интересно здружување во Македонија ќе биде извонреден инструмент за странските инвеститори кои соработуваат со македонските претпријатија, но исто така и за дијаспората која би сакала да работи во Македонија а истовремено не може да биде физички присутна. Тоа исто така претставува и подготовка за понатамошното европско економско интересно здружување во кое, да спомене и тоа, ниту едно друго EEIG не може да биде член. Регулативата на ЕУ 2137/85 не вели ништо во врска со EIG од трети земји, со што е отворен патот EIG да биде член на EEIG од Европската унија.

Сето ова е предизвик за малите и средни претпријатија во Македонија, и за нивното место кон европските и меѓународните пазари. Авторот на овој текст веќе ја има во глава сликата на македонски претпријатија здружени заедно во EIG, а кое понатаму е придружна членка на EEIG и работи, на пример, со продажба на мермер или зеленчук, или програмирање на компјутери во и вон Европската унија. На секое мало и средно претпријатие треба да му биде јасно дека да се излезе сам на европските или светски пазари е невозможно. Но здружени заедно, преку EIG, а што сега ќе биде овозможено со македонското законодавство, задачата станува многу полесно. И секако, ова претставува чекор напред кон стопанството кон кое Македонија се стреми и кое без сомнение ќе го достигне доколку работите продолжат вака линеарно да се развиваат.